**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 1102 – 173/3 од 18.12.2018 година донесена на 171. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, одржана на 18.12.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област *казнено право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 8.12.2018 година и во предвидениот рок се пријави: асистент докторанд д-р Елена Максимова, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Елена Максимова,** моминско **Иванова,** е родена на 2.4.1987 година во Шибеник, Р. Хрватска. Основно образование завршува во ОУ „Тошо Арсов" во Штип, а средно образование завршува во Гимназијата „Славчо Стојменски" во Штип. Во учебната 2005/2006 год. се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2008 година го завршува Правниот факултет со просечен успех од 9,46 и се стекнува со звање дипломиран правник.

Во 2008 година кандидатката се запишува на постдипломските студии по казненото право на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во јануари 2011 година таа успешно го одбранува својот магистерски труд на тема „Сузбивање на трговијата со луѓе – со посебен осврт на трговијата со малолетни лица", со што ги завршува постдипломските студии со просечен успех 9,08 и се стекнува со звање магистер на правни науки од областа на казненото право.

Во ноември 2011 година, кандидатката е примена на школата на докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на Казнено-правна насока. Во септември 2018 година го брани докторскиот труд на тема „Криминалитетот на жената во периодот од 2005-2015 година, со посебен осврт врз виктимолошките аспекти", под менторство на проф. д-р Гордана Лажетиќ, и се стекнува со звање доктор на правни науки, со просечен успех од докторски студии – 9.66.

Во поглед на нејзиното професионално искуство и ангажман, кандидатката Максимова во периодот 2009 – 2011 година волонтира на Универзитетот „Гоце Делчев", најпрвин во ИТ службата, а потоа од декември 2009 г. како демонстратор на Правниот факултет при УГД. Помага во одвивање на образовниот процес на предметите: Историја на правото, Казнено-процесно право, Семејно право, Вовед во правото на ЕУ, Европско казнено право, Меѓународно казнено процесно право и Правосуден систем на РМ, до јуни 2011 година. Во летниот период на 2010 година, јуни - октомври, волонтира во Апелациониот суд во Штип и се стекнува со практични искуства, особено од казнено-правната материја. Од 18 ноември 2011 до 20 декември 2012 г. – договорно е ангажирана во Општина Штип, правник во Одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи, под Агенција за привремено вработување - СПИД, Скопје.

Од 21 декември 2012 г. е вработена како помлад асистент во кривично-правна област на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, каде што сè уште работи со звање асистент докторанд. Држи вежби и исполнува задачи во рамки на предметите на кои е назначена: Казнено право, Казнено процесно право, Пенологија, Криминологија,

Меѓународно кривично право и Организиран криминал и корупција. Организатор е на традиционалните Ораторски вечери на ниво на Универзитет и тренер на студенти од клуб „A fortiori", кои се натпреваруваат во регионални Moot Court натпревари за познавање на ЕКЧП. Помага и при менторирање за учество на традиционалните натпревари на студенти во познавање на кривичната постапка, на националниот натпревар – Денови на симулирано судење.

**Законски услови согласно со чл. 166, ст. 1 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ" 82/2018) што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент**

Кандидатката д-р Елена Максимова, согласно со бараните услови од Законот за високо образование, има доставено:

1. Диплома за завршени докторски студии и одбранет докторски труд, со која се стекнува со назив доктор на науки;
2. Уверение за положени испити од прв циклус студии, со просечен успех од 9.46;
3. Уверение за положени испити од втор циклус студии, со просечен успех од 9.08;
4. Уверение за положени испити од трет циклус студии, со просечен успех од 9.66;
5. PET сертификат за познавање на англиски јазик, издаден од British Council;
6. Листа на објавени трудови, релевантни согласно со бараната научна публикација, согласно со ЗВО во последните пет години пред објавување на конкурсот;
7. Биографија согласно со која се приложува досегашната активност во изведувањето на високообразовната дејност;
8. Препораки од тројца професори во областа.

***Наставно-образовна дејност***

***На Конкурсот распишан од Универзитетот*** „Гоце Делчев" за избор на помлад асистент од 4 април 2011 г., кандидатката Максимова добива позитивна рецензија за избор за соработник - помлад асистен за научно подрачје правни науки – научна област казнено право (Универзитетски билтен бр. 66 од 15 септември 2011 година).

Од 21 декември 2012 г. е вработена како помлад асистент во кривично-правна област на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. На распишан Конкурс за асистенти – докторанди на 14.3.2015 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", избрана е за асистент-докторанд во областа казнено право, со Одлука на ННС 1102 – 201/119 од 6.7.2015 г. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр. 149 од 15 јуни 2015 година.

Во периодот од декември 2012 година до избор во звање асистент-докторант е ангажирана како асистент на следниве предмети: Човекови права, Семејно право, Пенологија, Основи на граѓанското и стварното право, Криминологија, Меѓународно казнено процесно право, Административно право и административна постапка, Казнено процесно право, Казнено право и Граѓанско процесно право.

По изборот во звање асистент-докторант, кандидатката Елена Максимова е ангажирана на следниве предмети: Казнено право, Казнено процесно право, Меѓународно казнено право, Пенологија, Организиран криминал и корупција и Криминологија.

***Научноистражувачка дејност***

Кандидатката Елена Максимова се јавува и како автор на следниве научни трудови:

**I. Трудови објавени во референтна научна публикација**

Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2018) *Криминолошки аспекти на убиството на дете при пораѓање вршено од страна на жена.* Proceedings of 5th International Scientific Conference "Social Changes in the global world", Faculty of Law - UGD (5). ISSN 978-608-244-548-9

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2018) *Бангкочките правила – lex ferenda за жената затвореник.* Fifth international scientific conference "Social change in the global world" (5). pp. 399-419. ISSN 978-608-244-548-9

Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Ivanova, Elena (2018) *Criminological aspects of pink collar crime.* Balkan Social Science Review, 11 (11). pp. 51-64. ISSN 1857- 8772

Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2017) *Притвор во постапката спрема деца.* Зборник на трудови од Четврта научна меѓународна конференција Општествените промени во глобалниот свет, 4 (4). ISSN 978-608-244-353-9

Angelovska, Aleksandra and Ivanova, Elena (2016) *Улогата на центрите за социјална работа во остварувањето на концептот на ресторативна правда спрема децата.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229

Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2016) *European versus Macedonian principles of public procurement contracts.* VIZIONE. pp. 179-196. ISSN 1857-9221

Ivanova, Elena and Kosevaliska, Olga (2015) *Зајакнување на акузаторните елементи преку новиот концепт на главната расправа во кривичната постапка на РМ.* Годишен зборник на Правен факултет, 3 (3). ISSN 1857-7229

Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (2015) *Етичките аспекти на сурогатството наспроти ставовите на законската регулатива.* Годишен зборник на Правен факултет (5). ISSN 1857-7229

Ivanova, Elena (2014) *Воведување на вкрстеното испрашување преку одредбите на новиот Закон за кривична постапка.* Годишен зборник Правен факултет, 3. ISSN 1857-8713

Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (2013) *The Relations between Macedonia and Kosovo.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 12. pp. 259-264. ISSN 2307-4531

Ivanova, Elena (2013) *Civic and uncivic values in Macedonia: value transformation, education and media (review).* Balkan Social Science Review, 2. pp. 291-294. ISSN ISBN 978-1-137-03333-8

Ivanova, Elena (2013) *Comparative View of the Problem with Human Trafficking In the Balkan Countries.* Balkan Social Science Review (BSSR), 1 (1). ISSN 1857- 8772

Ivanova, Elena (2013) *The Problem of Child Trafficking Enriched with Its Newest Purpose - Establishing Illegal Adoption.* Balkan Social Science Review, 2. pp. 25-47. ISSN 1857- 8772

Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (2013) *The possible negative aspects of the adoption procedure.* Academic Digest, Grigol Robakidze University (2). pp. 65-73. ISSN 2298-0202

Ivanova, Elena (2012) *Посвојувањето на деца – меѓу материјалното и емоциите.* Stipski Glas - Mozaik

Ivanova, Elena (2011) *International aspects of human trafficking – Especially trafficking with minors.* European Scientific Journal, 21. ISSN 1857- 7431.

**II. Трудови во стручни (научно-популарни списание):**

Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (2013) *Трговија со малолетни лица заради незаконито посвојување.* Стручно списание Правник (259). pp. 51-56. ISSN 1409-5238

**III. Трудови објавени по учества на конференции и работилници**

Apasiev, Dimitar and Ivanova, Elena (2016) *Криминолошки аспекти на проституцијата – со посебен осврт на античката правна уреденост.* In: Social change in the global world, 1 Sept 2016, Stip, Macedonia.

Apasiev, Dimitar and Ivanova, Elena (2017) *Судењето на вештерките во римското и во средновековното право.* Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 4. pp. 177-193. ISSN ISBN 978-608-244-423-9

Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2016) *Конфискација на имот и имотна корист во случај на аболиција.* In: Social change in the global world, 1 Sept 2016, Stip, Macedonia.

Ivanova, Elena and Doneva, Nada (2015) *Воведувањето на порота во казненото законодавство на РМ - последен чекор во заокружување на акузаторниот процесен систем.* In: Second International Scientific Conference: Social change in the global world, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Ivanova, Elena (2015) *Видови и начини на вршење на трговија со малолетни лица.* In: 6 Меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток-Запад, Sveti Nikole, Macedonia.

Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2014) *Шенгенски информациски систем и заштита на податоците во него.* In: Втора меѓународна конференција „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", 30-31 Oct 2014, Skopje, Macedonia.

Ivanova, Elena and Doneva, Nada (2014) *Современи истражни методи на државите членки на ЕУ со осврт на нивната имплементација во македонската легислатива.* In: Општествените промени во глобалниот свет, 11-13 Sept 2014, Stip, Macedonia.

Afshari, Kayvon and Ivanova, Elena and Güther, Franziska and Labudovic, Stefan (2013) *Social dimensions of human trafficking in the Western Balkans.* In: Social Dimensions of Human Trafficking.

**IV.Учебни помагала**

Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2018) *Организиран криминал и корупција - скрипта.* ISBN 978-608-244-577-9.

Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2018) *Организиран криминал и корупција - практикум.* ISBN 978-608-244-578-6.

**IV. Докторска дисертација, магистерски труд**

Максимова, Елена (2018) „Криминалитетот на жената во периодот од 2005-2015 година, со посебен осврт врз виктимолошките аспекти "PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први".

Иванова, Елена (2011) *„Сузбивање на трговијата со луѓе – со посебен осврт врз трговија со малолетни лица".* Masters thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први".

**V. Меѓународни и домашни научноистражувачки проекти**

Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Ivanova, Elena and Stojanovski, Strasko(2018) *Зборник на трудови од Петта научна меѓународна конференција Општествени промени во глобалниот свет.* [Project]

Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Ivanova, Elena and Stojanovski, Strasko (2018) *Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет: Секција млади истражувачи".* [Project]

Ananiev, Jovan and Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Ivanova, Elena (2017) *Четврта меѓународна научна конференција Општествени промени во глобалниот свет.* [Project]

Kambovski, Igor and Ampovska, Marija and Apasiev, Dimitar and Ivanova, Elena and Zdraveva, Ana (2017) *Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија -The role and significance of the State Attorney's Office in the justice system of the Republic of Macedonia.* [Project] (Submitted).

**VI. Учество во останати проекти**

| Наслов на проектот | Период | Финансиран од | Улога во проектот (главен истражувач или учесник |
|---|---|---|---|
| „Денови на симулирано судење" | **март-декември 2016** | **Мисијата на ОБСЕ во Скопје (со Правен факултет УГД)** | **учесник** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Денови на симулирано судење“ | **март-декември 2016** | **Мисијата на ОБСЕ во Скопје (со Правен факултет УГД)** | **учесник** |
| „Денови на симулирано судење“ | **март-декември 2018** | **Американска амбасада во Скопје (со Правен факултет УГД)** | **учесник** |
| „Охридската школа за природно право, Криминал од омраза и поврзани облици на криминалитет“ | **18-22 септември 2017** | МАНУ поддржано од Мисијата на ОБСЕ во Скопје | **учесник** |

**Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:**

1.***International aspects of human trafficking – Especially trafficking with minors*** European Scientific Journal, European Scientific Institutewith support from „Egalite” – Society for equal opportunities; 2011, July; vol. 21, ISSN 1857- 7431; Трудот дава осврт на меѓународните аспекти на трговијата со лица, како транснационален организиран криминалитет, а притоа авторката посебно се осврнува кон трговија на малолетници како посебен облик на трговијата со луѓе и сите негови карактеристики. Ги потенцира криминолошките сличности и разлики, со што укажува за потребата од засебен третман, како научен така и практичен.

2. ***Comparative view of the problem with Human Trafficking in the Balkan Countries*** (Balkan Social Science Review, Faculty of Law, Goce Delcev University, 2013 July; vol.1, ISSN: 1857- 8772). Анализирајќи го длабински проблемот за трговијата со лица, во овој труд авторката се осврнува на земјите од Западен Балкан и проблемите со кои се соочуваат во борбата за сузбивање на овој криминалитет, како особено значаен транзитен центар. Преку компарирање на законските и практичните решенија, авторката укажува на сличностите и разликите меѓу земјите, како и недостатоците и позитивните искуства во борбата за сузбивање.

3.***Посвојувањето на деца - помеѓу материјалното и емоциите,*** Мозаик, (Гласник на Општина Штип бр.25, Штипски глас бр.33, год III, 1 јуни 2012) – Кандидатката Максимова ја нагласува сложената процедура при посвојувањето на деца, согласно со законската и подзаконската уреденост на материјата во моментот кога трудот е пишуван, при што се издвојуваат законските лавиринти и проблемите на кои наидуваат потенцијалните родители во обидите за снаоѓање во нив, со цел да дојдат до реализација на саканата адопција.

***5. The Problem of Child Trafficking Enriched with Its Newest Purpose - Establishing Illegal Adoption–***(Balkan Social Science Review, Faculty of Law, Goce Delcev University, 2013; vol.2, ISSN: 1857- 8772 , page 25 -47). Во овој труд авторката ја продлабува веќе начнатата тема за причинско-последичниот однос на засновање на посвојување и проблематиките при процедурата и барањето на „полесен“ начин за посвоителите и агенциите кои посредуваат притоа (онаму каде ги има), па во тоа име – вршењето на кривичното дело трговија со деца. Трудот дава поширока димензија од претходниот со тоа што се оддалечува од територијата на Западен Балкан.

***5. The relations between Macedonia and Kosovo*** - PhD Dejan Marolov and LL.M Elena Ivanova, International Journal of Science: Basic and Applied Research (vol. 12 no. 1, ISSN: 2307 – 4531, page 259 – 264). Во коавторство со д-р Маролов, кандидатката во овој труд зборува за односите на Р.Македонија и Косово како најмлада држава во Европа. Како резултат на тоа што со осамостојувањето на Косово потребата од регулација на директните односи меѓу двете земји станала повеќе од потребна, се појавува и потребата за нејзино теоретско и научно разгледување.

***6. Воведување на вкрстеното испрашување преку одредбите на новиот Закон за кривична постапка -*** Годишен зборник Правен факултет, УГД 3. (ISSN 1857- 8713, стр. 95-116;) Преку овој труд кандидатката Максимова навлегува во научно разгледување на

казнено-процесната материја. Со измената на кривичната постапка во РМ и новиот Закон за кривична постапка од 2010 година се воведе еден сосема нов, дотогаш непознат институт на нашево поднебје – вкрстеното испрашување, кое е важно за исходот на главната расправа. Авторката го нагласува значењето на овој институт и умешноста на страните во неговото реализирање на главната расправа.

***7.Шенгенски информациски систем и заштита на податоците во него,*** *Елена Иванова и Олга Кошевалиска* (Втора меѓународна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, Универзитет „Евро Балкан“ - Скопје, Скопје: 2014, ISBN 978-608-4714-11-8). Преку овој труд, во коавторство со д-р Кошевалиска, авторите обработуваат материја за Информацискиот систем на Шенген зоната, кој се состои од два оперативни системи – SIS Шенгенски информациски систем и Визниот информациски систем – Visa Information System – VIS. Преку трудот ги прикажуваат предностите и слабостите на овој систем, а особено укажуваат на сериозното ограничување на правото на заштита на лични податоци при нивната обработка преку системот.

***8. Современи истражни методи на државите членки на ЕУ со осврт на нивната имплементација во македонската легислатива –*** *Елена Иванова, Нада Донева (Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип: 2014,* ISBN 978-608-244-129-0). Согласно со аспирациите кои ги има нашата држава за влез во ЕУ, како нужно се покажува хармонизирањето на домашното законодавство со актите на ЕУ, а особено во однос на примената на техниките и методите кои се користат во интернационалната соработка во кривичната материја. Авторите укажуваат на постојаното надградување на овие техники и методи, што условува и нивно перманентно теоретско разгледување, особено поради тоа што кај нас се се уште сметаат за новини.

***9. Зајакнување на акузаторните елементи преку новиот концепт на главната расправа во кривичната постапка на РМ*** - *Елена Иванова и Олга Кошевалиска* (Годишен зборник на Правен факултет, УГД, 3. Штип: 2015; ISSN 1857- 7229). Како резултат на промените кои настануваат во кривичното процесно право и законодавство, авторите го обработуваат заменувањето на долгогодишниот мешовит модел на примена во казнената постапка, со акузаторниот и ги обработуваат неговите карактеристики. Преку трудот, тие ги нагласуваат акузаторните карактеристики на главна расправа и освен што ги анализираат веќе постојните, укажуваат на новините и нивните предности и слабости.

***10. Видови и начини на вршење трговија со малолетни лица –*** Елена Максимова (Иванова), (Списание на научни трудови од Шестата меѓународна научна конференција „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД“, јуни 2015 г., Свети Николе, ISSN (online) 1857 – 9302, ISSN (print) 1857 – 9929. Авторката во трудот зборува за раширувањето на трговијата со деца како меѓународен проблем и појавата на нови облици при негова реализација. Во трудот, од феноменолошки апсект, ги разгледува сите познати појавни облици на трговија со деца.

***11.The possible negative aspects of the adoption procedure -*** Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (Academic Digest, Grigol Robakidze University (2). pp. 65-73. ISSN 2298-0202. 2013). Авторите во трудот даваат осврт на негативните аспекти на процедурата за посвојување на деца. Имено, укажувајќи на сите законски и подзаконски слабости кои произлегуваат од поставените решенија во пракса, авторите укажуваат дека се отвораат огромни можности за манипулации и злоупотреби и кои се нивните исходи.

***12. Воведувањето на порота во казненото законодавство на РМ - последен чекор во заокружување на акузаторниот процесен систем –*** Елена Максимова, Нада Донева (*Втора меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип: 2015).* Законодавните измени во кривичната процесна материја условија пресликување на англосаксонскиот модел на главна расправа во нашата пракса. Авторите анализирајќи ги сите имплементирани законски решенија и нивната практична реализација зборуваат за најголемата разлика или недостаток кој го има нашата главна расправа, а во однос на англосаксонскиот модел - поротата. Во трудот авторите зборуваат за потребата од порота, и нејзините предности и слабости.

***13.Етичките аспекти на сурогатството наспроти ставовите на законската регулатива***, Дејан Маролов, Елена Максимова (Годишен зборник Правен факултет, УГД, 5. ISSN 1857- 8713, 2015, стр. 135-152). Легализацијата на сурогатството во Р. Македонија и промените кои настанаа во Законот за биомедицински потпомогнато оплодување условија и нивна теоретска разработка. Авторите, непосредно по легализацијата, даваат еден научен осврт на темата, при што се осврнуваат за етичките аспекти на еден ваков особено сензибилен институт.

***14. European versus Macedonian principles of public procurement contracts,*** Borka Tushevska, Olga Koshevaliska, Elena Maksimova *(VIZIONE 26/2016 International magazine for social sciences, Open Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactor, ISSN: 1409-8962- printed form, ISSN 1857- 9221- electronic form, 2016).* Јавните договори претставуваат исклучително сложено прашање што се меша во повеќе сфери на интереси во еден поширок општествен контекст. Анализирајќи го важечкото законодавство во Република Македонија, судската, административната и административно-судската практика, истовремено земајќи ја предвид праксата на Судот на правдата на Европската Унија, авторите заклучуваат дека прекршувањето на постапката за доделување на средства е во суштинска блиска врска со кршење на основните принципи на процесот на доделување договори за јавни набавки. Водени од овој наод, во овој труд тие го разгледуваат практичното и спроведувањето на основните принципи на јавните набавки, преку СПЕУ и потребата од поцелосно и посеопфатно спроведување на принципите во практиката на македонските судови и административни власти.

***15. Улогата на центрите за социјална работа во остварувањето на концептот на ресторативна правда спрема децата*** (Ангеловска Александра, Максимова Елена, Годишен зборник Правен факултет, УГД, 6. ISSN 1857- 8713, 2016, стр. 41-50). Во трудот, улогата на ЦСР се анализира преку неговите обврски и овластувања во постапката за определување мерки на помош и заштита на деца - жртви и сторители на казнени дела, но и посредување заради обесштетување меѓу малолетникот и оштетениот, како едни од најпрогресивните алтернативни облици на институционално постапување за заштита на детските права. Авторите нагласуваат дека концептот на ресторативност во постапувањето спрема децата, во својата најелементарна форма, подразбира одбегнување на казнена постапка во случаите кога според околностите на случајот тоа е возможно и прифатливо.

**16.*Криминолошки аспекти на проституцијата, со посебен осврт на античката правна уреденост*** – Димитар Апасиев и Елена Максимова, (Зборник на трудови од *Трета меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип:2016). Во трудот авторите ги обработуваат* криминолошките аспекти на проституцијата и нивната историска еволуција, со што навлегуваат во нејзиниот правен третман и ги согледуваат позитивните и негативните искуства од спротивставените ставови на државните апарати. Се навраќааат на почетоците на третманот и криминолошките обележја и воочуваат колку и во каква насока се развила оваа социопатолошка појава и какво влијание има нејзиното третирање и воопшто општествениот интерес, во насока на регулирање или сузбивање. На став се дека сѐ она кое се провлекува со развитокот на човештвото – притоа останувајќи доследно во своето постоење, па дури и во појавните компоненти – заслужува да му се оддаде континуитет во проучувањето и компарирањето, со цел да се дојде до заклучоци за причините, а и за потребата од појавата воопшто.

**17.*Конфискација на имот и имотна корист во случај на аболиција*** - *Олга Кошевалиска, Елена Максимова* (Зборник на трудови од *Трета меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип: 2016).* Актуелноста на одредена тема ја чинат внатрешните превирања на државата. Во екот на последниве случувања со аболицијата и помилувањето се наметна и прашањето дали од лицата кои беа аболицирани може да се конфискува имотот и имотната корист од наводно сторените кривични дела, односно да се одземат предметите со кои е извршено кривичното дело или кои настанале од извршување на кривично дело. Паралелно со тоа, авторите даваат размислување - кој би бил органот во овој случај, односно кога постапката не е ниту започната за да биде прекината. Не

навлегувајќи во исправноста на одлуките за аболиција, во трудов авторите, од кривично-правен аспект, а во врска со законски нормираното, даваат одговор на неколку актуелни прашања, пренесувајќи го притоа нивниот став.

**18.** ***Судењето на вештерките во римското и во средовековното право*** – Димитар Апасиев и Елена Максимова (Зборник на трудови од *Четврта меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип: 2017)*. Овој коавторски труд, барем во македонски услови, прави пионерски обид за расветлување на судењата на вештерките и маѓепсниците во старовековното римско и во средновековното евроконтинентално и англо-саксонско право, притоа давајќи мошне интересни изворни записи од конкретни судски случаи кои се, повеќе или помалку, познати низ светската процесно-правна историја.

***19*. *Притвор во постапката спрема деца*** - *Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Елена Максимова* (Зборник на трудови од *Четврта меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип:2017)*. Преку овој труд авторите го проблематизираат прашањето за притворот во македонското кривично законодавство, неговата законска уреденост и потребата од допрецизирање на законските одредби во овој дел. Исто така, во трудот укажуваат на потребата од доимплементирање на ратификуваните меѓународни инструменти во Законот за правда за децата, а даваат и компаративни аспекти на законската уреденост на притворот за малолетничките законодавства на земјите во регионот.

**20.*****Criminological aspects of pink collar crime*** – Olga Koshevaliska, Borka Tushevska, Elena Maksimova (Balkan Social Science Review, Faculty of Law, Goce Delcev University, 2018; vol.11, ISSN: 1857- 8772 , page 51-64). Преку овој труд, аворите прават пионерски дефинирање на македонско подрачје на еден нов криминолошки подоблик на криминалитетот на бели јаки, каде што сторител е жената – криминалитетот на розевите јаки. Идејата за постоењето на овој подоблик е особено нова и сè уште незаживеана во светски размери, па нејзиното внесување на нашево криминолошко подрачје и разработката дава особено голема тежина на трудов.

**21.*****Бангкочките правила – lex ferenda за жената затвореник*** - *Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Елена Максимова* (*Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „ГоцеДелчев",Штип:2018)*. Потребите условени од родовите диференцијали се она кое ги издвојува жените од масата затвореници и кое условува првичен предвиден засебен третман, пред целокупната индивидуализација. Авторите на трудот укажуваат на фактот дека жената долго време се наоѓа на маргините кога се во прашање истражувањата или решавањето на проблематиките врзани за ефикасноста на извршување на кривични санкции врз нив. Во трудот ја разгледуваат меѓународната уреденост на материјата која зборува за потребата од уважувањето на родови разлики. Почнувајќи од Стандардните минимални правила на ОН за постапување со затворениците доаѓаат до вистинскиот прв меѓународен документ, кој се занимава со положбата на жената во системот на извршување на кривични санкции и кој вистински ја потенцира родовата разлика - Бангкочките правила. Нагласуваат дека тие претставуваат сериозен насочник за подигнување на стандардите во затворот и целокупниот третман на жените затворенички.

**22.*****Криминолошките аспекти на убиството на дете при пораѓање вршено од страна на жена*** - *Олга Кошевалиска, Елена Максимова* (Зборник на трудови Петтата *меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип:2018)*. Убиството на дете при пораѓање (или народски попознато како чедоморство) е појава која датира уште од античка епоха, а која менувајќи го обликот, причините или начинот на вршење, опстојува до ден-денес. Авторите навлегувајќи во криминолошките карактеристики на појавата, во нејзината феноменологија и етиологија, преку трудот вршат подетално запознавање со истата и поставување на можности за нејзино превенирање и третирање во пракса.

**23.*****Организиран криминал и корупција – скрипта*** – *Олга Кошевалиска, Елена Максимова (http://eprints.ugd.edu.mk/20958/)*- за потребите на реализација на предметот Организиран криминал и корупција на Правниот факултет, кандидатката Елена Максимова

се јавува и како коавтор на скрипта која се однесува на транснационалниот организиран криминал, разработка на неговите појавни облици, национален и меѓународен третман и релевантни решенија. Опфатени се дефинирања на поими, од неколку аспекти, објаснување на појави и прогнозирање на движењата на криминалот во иднина. Подготвеното учебно помагало е наменето, пред сè, за студентите од првиот циклус на студии на правните науки, но исто така може да послужи и за студентите од вториот циклус на студии кои се насочени кон совладување на кривичноправната и меѓународната правна област.

**24.*Организиран криминал и корупција – практикум*** – *Олга Кошевалиска, Елена Максимова (http://eprints.ugd.edu.mk/20959/)* - за потребите на реализација на предметот Организиран криминал и корупција на Правниот факултет, кандидатката Елена Максимова се јавува и како коавтор на практикум кој се однесува на транснационалниот организиран криминал. И ова учебно помагало е наменето, пред сè, за студентите од првиот циклус студии на правните науки, но исто така може да послужи и за студентите од вториот циклус студии кои се насочени кон совладување на кривично-правната и меѓународната правна област. Практикумот содржи конвенции, изводоци од конвенции, изводоци од законски текстови и подзаконски решенија, обрасци и прилози кои ќе помогнат за подобро совладување на материјата.

**Приказ на докторската дисертација на кандидатката Елена Максимова**

Докторската дисертација е посветена на жената како сторител на кривичното дело, вистинското движење на криминалитетот на жената, како и причините кои ја навеле да се подвргне на сторување кривични дела, и последиците од нејзините криминогени постапувања. Временските, просторните услови кои ѝ влијаеле заедно со цел спектар на моментни фактори за да се јави во оваа улога и како истата се рефлектирала врз нејзиниот понатамошен живот. Потесното разгледувањето на овој криминалитет на територијата на Република Македонија заедно со истражувањето кое е спроведено врз жените - сторители на кривични дела укажува дека и на нашево поднебје постои реално зголемување на криминалитетот вршен од страна на жената низ годините, што ја оправдува научната потреба од континуирана, длабинска анализа на материјата. Во трудот се анализираат мотивите кои биле присутни и пресудни кај жената за да се впушти во вршење на кривични дела, како генерално така и за жената на нашево поднебје, и се посочува на тоа дека постои разлика меѓу жената и мажот криминалец, со што се издејствува потребата за нивно засебно проучување. Најчестите познати објаснувања за криминалитетот кај жената се сведуваат на тоа - зошто жената врши помалку кривични дела во споредба со мажот, наместо да се одговора на вистинското прашање – зошто жената врши криминалитет воопшто? Така, трудот придонесува за сестрана и детална разработка на темата, со користење на методи кои би го овозможиле разбирањето на криминалитетот да отиде степен погоре, од неговото просто сведување на „машка работа" да се прошират теоретските, научните и истражувачките сознанија за жената криминалец. Односно, да се избегне од досегашното „оправдување" на појавата, за да се навлезе во зоната на сестрано нејзино разбирање, надвор од методите адаптирани за примарниот престапник.

Низ целиот труд се провлекува идејата за користење на родово сензибилизирани методи, за теоретско, кривично и криминолошко проучување на криминалитетот на жената, но и за родова сензибилизација при индивидуализација на казнувањето на жената престапник, како и при определувањето на третман на жената затвореник во пракса. Покрај феноменолошки и етиолошки осврт на појавата, трудот дава посебен акцент на жената и нејзината виктимолошка улога, и како истата може да доведе до тоа таа да стане сторител на кривични дела. Имено, посебен акцент е даден на жената која е виктимизирана, особено во рамките на семејството, што предусловило појавување на криминогени дејствувања од нејзина страна, и што од жртва ја метаморфозира во криминалец.

Во трудот се прави поделба на историскиот развој на научната мисла на прва или почетна фаза и втора или фаза која сè уште не завршила, и се анализираат сестрано двете, со издвојување на периодите во кои има засилени интереси за анализи на темата, теоретичарите кои посветиле посебно внимание, публикациите кои се издадени и научните собири кои се одржани, а чија цел е започнување со развивање на „женската криминологија".

Посочени се и научните центри во светот од каде што потекнуваат идеите и најдлабинските истражувања за жената престапник, за на крај да се даде слика на она кое е постигнато во оваа област на територијата на Република Македонија и придонесот на нашите, домашни, најзначајни криминолози во областа.

Преку проучување на феноменолгијата, етиологијата и виктимологијата на појавата доаѓаме до подробрно криминолошко разбирање на криминалитетот кај жената. Имено, историјата ни сведочи за одредени девијантни дејствувања на жената и начинот на нивно манифестирање и третирање во јавноста. Преку анализа на посебните видови на кривични дела, историски и од сегашен апсект, потоа на движењето на појавата, возрасните категории и нивната поврзаност со пројавување на кривични поведенија, како и здружувањето, се доаѓа до одредени општи карактеристики за тоа како се врши криминалитетот од страна на жената, кој и кога најчесто се подвргнува на истиот. Затоа, при феноменолошкото анализирање особено за значајно се зема потенцирањето на девијантните дејствувања специфични само за жената и тоа што истите се манифестираат во посебни, нови видови кривични дела со специфичен modus operandi.

Етиологијата како составен дел од криминологијата е неминовна за проучување и овде, заради комплетирање на сознанијата за појавата. Причините и последиците се анализираат од аспект на досега познатото со цел сублимирање на вистински профил на жена сторител. Со оглед на тоа дека каузално-теоретскиот спор се води околу биолошките или социолошките обусловености, се дава исцрпно разгледување на двете групи теоретски објаснувања, со цел опфаќање на сите ендогени и егзогени фактори за појава на криминалитетот на жената. Така, се изнесуваат ставовите на веќе развиените теории, историски и современи, и апстрахирајќи се од едностраноста, се врши целосно заокружување на факторите, кои согласно со индивидуалните предиспозиции, можат да придонесат жената да пројави криминогени поведенија. Потоа, се разгледуваат последиците од впуштањето во криминалитет од четири битни аспекта: социоизолација, импликации врз семеен живот, социјална и професионална ексклузија на жената и рецидивизам.

Виктимологијата, како посебно акцентирана, се разгледува преку два главни наслова – виктимизацијата на жената во глобала и виктимизацијата во рамките на семејството. Објаснувајќи ја состојбата на жртва во која може да се најде жената се дава детална слика за ризик факторите кои придонесуваат за виктимизација и за тоа какви психичко-биолошки последици остава истата состојба врз неа, а особено за посттрауматското стресно растројство. Преку анализа на семејното насилство и насилството од интимниот партнер кои, како форми, најчесто ги трпи жената и насилството кое таа го иницира во рамките на семејството, односно кога таа се јавува како агресор, се укажува на пресвртот кој може да настане, па жената од жртва да стане сторител на кривично дело. Овој дел од дисертацијата е особено битен бидејќи ја внесува потребата од препознавање на „синдромот на малтретирана жена“ (bettered woman syndrome), колку од теоретичарите, многу повеќе од практичарите.

Емпирискиот дел се состои од истражувањето кое е направено за појавата на нашево подрачје. Обработени се статистички показатели за движењето на криминалитетот на жената во РМ во анализираниот период, од неколку феноменолошки аспекти. Потоа, преку теоретско навлегување и обработка на затвореничкото општество за жената и затворот како казна се врши една анализа на профилот на жената затвореничка, заедно со психосоцијалните лузни кои ја бележат, депривациите и потребата од родово сензибилизиран пенитенцијарен и постпенитенцијарен третман, за да може потем да се прикажат резултатите од истражувањето добиено во КПУ Идризово. Истражувањето кое е спроведено во КПД Идризово, во женското одделение, дава одговори на четири категории на податоци и тоа како за *генералните профили* на жената затвореник (од аспект на возраст, етичка припадност, образование, работен статус, брачен статус, примања, сторени кривично дело и сл.) потоа за *рецидивизмот* меѓу затвореничката популација, за претходната *виктимизираност* меѓу жените осуденички (пред влезот во институцијата) и за *третманот* кој го имаат во рамки на истата.

Постои реална потреба од посебно анализирање на материјата, одвоено од анализите за примарниот сторител, а паралелно со нив и градење на посебен систем за препознавање

на проблематичното однесување кај жената и развивање на систем за негово третирање. Особено, препораките се насочен кон она на што е даден посебен осврт во трудот, а тоа е виктимизираната жена, односно жената која во ваква состојба врши кривично дело. Клучно е оспособувањето на механизмите за препознавање на „синдромот на малтретирана жена" и негово адекватно третирање во сите фази и од сите носители на постапката.

Според временскиот период кој кандидатката Елена Максимова го има поминато на Правниот факултет при УГД, од демонстратор до асистент – докторанд, неминовно се гледа нејзиното развивање во наставно-педагошка смисла. Нејзината посветеност на работата овде, се гледа не само во корпусот на активности кои ги презема при реализација на наставните активности, туку многу повеќе во нејзиното вложување во воннаставните активности и работењето со студентите. Унапредувањето во повисоко звање, би значело само мотив повеќе за поисцрпна и попродуктивна работа на кандидатот.

Од приложениот корпус на трудови, каде што кандидатката Елена Максимова се јавува како самостоен автор или коавтор, се гледа дека се работи за посветена личност која дава перманентен научен придонес во областа. Опфаќајќи ги кривично правните аспекти на неколку појави, вршејќи постојана анализа на кривично процесните измени и нивното компарирање со решенијата во големите земји, се само еден мал дел од научниот придонес во кривичната област. Преку анализа на кривичните институти, кандидатката навлегува и во материјата на семејното право, каде што преку нејзино поврзување со некои можни злоупотреби и манипулации врз институтите од семејното права, укажува на недостатоци и пропусти во законските или практичните решенија. Кандидатката е максимално посветена во научно презентирање на иновативни научни решенија во областа на меѓународно ниво, што само укажува на насоката во која би се развивала во иднина. Се работи за сериозен млад истражувач, кој само ќе се доразвива и надградува во иднина.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

***1.Трговија со малолетни лица заради незаконито посвојување, д-р Дејан Маролов и м-р Елена Иванова, стручно списание Правник (Здружение на правници на Република Македонија, број 259, ноември 2013,*** *ISSN 1409 – 5238, стр. 51-56). Во овој труд, кандидатката Максимова во коавторство со* д-р Маролов прави конекција меѓу трговијата со деца и претходно пројавениот интерес за обработка на процедурата за посвојување. Имено, се загатнува еден нов облик на трговија со деца – заради засновање на посвојување и сите криминогени дејствија кои притоа се преземаат. Трудот го прикажува каузалитетот меѓу овие два процеса и притоа прикажува колку истото е застапено и на територијата на балканските држави, меѓу кои и РМ.

**2.** Од септември 2015 година, до денес, кандидатката Елена Максимова е член на Дисциплинска комисија при Правниот факултет, каде што успешно се спроведуваат дисциплинските постапки врз студентите кои имаат направено дисциплинска повреда при студирањето на Правниот факултет.

Во октомври 2018 година е член на Комисијата за избор на демонстратори на Правниот факултет, формирана со Одлука од ННС на Правен факултет бр. 1102-134/18, од 5.10.2018 г.

**3.** Член е на Уписна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, за учебните – 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018.

Член е на Пописна комисија на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за учебните 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство ги прегледа доставените документи на кандидатката д-р Елена Максимова, како и објавените научни и стручни трудови, учебните помагала, учествата на меѓународно научни конференции, активности од научноистражувачки проекти, стручно-апликативна и организациска, наставна и воннаставна работа. Врз основа на севкупната нејзина активност од изборот во демонстратор на единицата (волонтер) до денес, Комисијата заклучи дека д-р Елена Максимова ги исполнува условите за избор во доцент во областа казнено право, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. За целокупната активност во периодот од избор во доцент до денес, кандидатката д-р Елена Максимова има по основа на научноистражувачка работа, наставно-образовна работа и стручно-апликативна, односно организациска работа остварено (НО30 +НИ121+САОР22 = 173) или вкупно 173 поени. Според погореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип д-р Елена Максимова да биде избрана во звање доцент во научната област казнено право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Лазар Нанев, насловен вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Олга Кошевалиска, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | | | 10 |
| | Избор во звање асистент докторанд | 1 | 20 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | Прв автор -4 (4x9)<br>Втор автор -5 (5x6)<br>Трет автор-2 (2x3)<br>Поени ( 9/6/3) | | | | 36<br>30<br>6<br>72 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 11 | 2 | | | 22 |
| | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | Учесник во научен проект | 2 | 2 | | | 4 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | | | 1 |
| | Уредник на зборник на трудови од научен собир | 2 | 1 | | | 2 |
| | Основач на научна лабораторија | 2 (Клуб на оратори „Rostra Vetera“ и клуб „A fortiori“) | 4 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **121** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | | | **2** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | **4** |
| | Член на институтски орган, комисија | 8 | 2 | | | **16** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **22** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **173** |